**20120902371**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Врз основа на член 14-а став (7) од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ број 136/07, 130/08, 97/10, 53/11 и 185/11), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПРОГРАМАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ЕДУКАЦИЈА ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ, ПРОГРАМАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ОБУКА ЗА ОБУЧУВАЧИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОТВРДАТА ЗА ПОЛОЖЕН ИСПИТ ЗА ЛИЦЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ И ЗА ОБУЧУВАЧ, КАКО И ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ КОЈ ГО ПЛАЌААТ УЧЕСНИЦИТЕ НА ЕДУКАЦИЈАТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува програмата за спроведување едукација за јавни набавки, програмата за спроведување обука за обучувачи за јавни набавки, формата и содржината на потврдата за положен испит за лице за јавни набавки и за обучувач, како и висината на надоместокот кој го плаќаат учесниците на едукацијата.

Член 2

Програмата за спроведување едукација за јавни набавки се состои од два модули:

- модул за обука на договорни органи и
- модул за обука на економски оператори.

Модулот за обука на договорни органи за лицата за јавни набавки кои претходно не се стекнале со потврда за положен испит за лице за јавни набавки трае 35 наставни (училишни) часови, во кој се опфатени темите од деловите 1 до 13 од програмата од став 1 на овој член, а за лицата кои претходно се стекнале со потврда за положен испит за лице за јавни набавки трае седум наставни (училишни) часови, во кој се опфатени темите од деловите 14 и 15 од програмата од став 1 на овој член.

Модулот за економски оператори трае 14 наставни (училишни) часови.

Програмата од став 1 на овој член е дадена во Прилог 1 кој е составен дел од овој правилник.

Член 3

Обуката за обучувачи за јавни набавки се спроведува согласно со Програмата за спроведување обука за обучувачи за јавни набавки.

Обуката за обучувачи за јавни набавки за лицата кои претходно не се стекнале со потврда за положен испит за обучувач за јавни набавки трае 70 наставни (училишни) часови, во која се опфатени главите I до X од програмата од став 1 на овој член, а за лицата кои претходно се стекнале со потврда за положен испит за обучувач за јавни набавки трае 14 наставни (училишни) часови, во која се опфатени главите XI до XIV од програмата од став 1 на овој член.

Програмата од став 1 на овој член е дадена во Прилог 2 кој е составен дел од овој правилник.

Член 4

Висината на надоместокот кој го плаќаат учесниците на едукацијата изнесува:

- 15.000 денари за посета на модулот за обука на обучувачи за јавни набавки за лицата кои претходно не се стекнале со потврда за положен испит за обучувач изнесува, односно 4.000 денари за лицата кои претходно се стекнале со потврда за положен испит за обучувач;
- 9.500 денари за посета на модулот за обука на договорни органи за лицата кои претходно не се стекнале со потврда за положен испит за лице за јавни набавки, односно 2.000 денари за лицата кои претходно се стекнале со потврда за положен испит за лице за јавни набавки и
- 3.000 денари за посета на модулот за обука на економските оператори.

Член 5

Формата и содржината на потврдата за положен испит за лице за јавни набавки е дадена во Прилог 3 и е составен дел на овој правилник.

Член 6

Формата и содржината на потврдата за положен испит за обучувач за јавни набавки е дадена во Прилог 4 и е составен дел на овој правилник.

Член 7

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за програмата, начинот на спроведување на испитот, висината на надоместокот, како и формата и содржината на потврдата („Службен весник на Република Македонија“ број 18/11).

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-25986/1
11 јули 2012 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

Прилог 1

## ПРОГРАМА ЗА ЕДУКАЦИЈА ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

### МОДУЛ ЗА ОБУКА НА ДОГОВОРНИ ОРГАНИ

Дел 1: Потреба од регулирање на јавните набавки и основни принципи – 1 час
- Транспарентност
- Еднаков третман и недискриминација
- Конкуренција меѓу економските оператори
- Рационално и ефикасно искористување на средствата.

Дел 2: Јавните набавки во ЕУ – 1 час
- Важечки прописи за јавни набавки на ниво на ЕУ

Дел 3: Јавните набавки во Република Македонија – 2 часа
- Вовед во Законот за јавните набавки
- Договорни органи од класичниот јавен сектор и секторските дејности
- Видови договори
- Исклучоци од примена
- Зелена потрошувачка кај јавните набавки

Дел 4: Спречување корупција и судир на интереси во јавните набавки – 1 час
- Законско регулирање на борбата против корупцијата, со посебен осврт на кривичната одговорност
- Корупција во јавните набавки
- Законско регулирање на судирот на интереси и поврзаност на Законот за јавните набавки со правилата за спречување на судир на интереси
- Постапување во случај на постоење на судир на интереси во јавните набавки

Дел 5: Планирање на јавните набавки – 2 часа
- Дефинирање на потребите
- Истражување на пазарот
- Одредување на деливост или неделивост на договорот
- План за јавни набавки
- Претходно индикативно известување

Дел 6: Видови на постапки за доделување на договор за јавна набавка – 2 часа
- Отворена постапка
- Ограничена постапка
- Постапка со преговарање со претходно објавување на оглас
- Постапка со преговарање без претходно објавување на оглас
- Конкурентен дијалог
- Постапки со барање за прибирање на понуди
- Конкурс за избор на идејно решение
- Посебни начини за доделување на договорите за јавни набавки

Дел 7: Подготовка на тендерските документи – 2 часа
- Дефинирање и видови на технички спецификации
- Технички дијалог
- Користење на стандарди
- Формални и функционални карактеристики
- Критериуми за утврдување способност и за доделување на договорот за јавна набавка

Дел 8: Започнување на постапката – 3 часа
- Начин на доставување на тендерската документација
- Начин на комуникација помеѓу договорниот орган и заинтересираните економски оператори за време на рокот за поднесување на понуди
- Барања за појаснување на тендерската документација

Дел 9: Јавно отворање и евалуација на понудите – 3 часа
- Постапка на јавно отворање
- Процесот на утврдување на способност
- Негативни референци
- Комуникација на комисијата со понудувачите
- Евалуација на понудите врз основа на критериумот за доделување на договорот за јавна набавка

Дел 10 : Завршување на постапката – 1 час
- Избор на најповолна понуда
- Поништување на постапката

Дел 11: Правна заштита и доделување на договорот за јавна набавка – 3 часа
- Државна комисија за жалби по јавни набавки
- Жалбата како правен лек
- Постапка пред Државната комисија за жалби по јавни набавки
- Одлуки на Државната комисија за жалби по јавни набавки

Дел 12: Електронски јавни набавки во Република Македонија – 7 часа
- Законски претпоставки
- Електронски систем за јавни набавки
- Спроведување на постапката по електронски пат
- Досегашни искуства

Дел 13: Електронски аукции – 7 часа
- Законски претпоставки и тек на постапката
- Досегашни искуства

Дел 14: Новини во правната рамка во РМ – 3 часа
- Измени и дополнувања на Законот за јавните набавки и на други законски прописи кои имаат директно влијание врз јавните набавки
- Измени и дополнувања во подзаконските акти
- Новини во праксата и ставовите на надлежните органи

Дел 15: Новини во Електронскиот систем за јавни набавки – 4 часа
- Нови функционалности или измена на постојните функционалности на системот
- Планови за иден развој на системот

## МОДУЛ ЗА ОБУКА НА ЕКОНОМСКИТЕ ОПЕРАТОРИ

Дел 1 – Закон за јавните набавки – 1 час

- Основни карактеристики на Законот за јавните набавки што се релевантни за економските оператори
- Спречување на судир на интереси и корупција во јавните набавки поттикната од приватниот сектор

Дел 2 – Подготовка на понудата и потребна документација – 3 часа

- Појаснување на содржината на тендерската документација
- Обезбедување на формална исправност на понудата
- Документи за докажување на способноста на понудувачите

Дел 3 – Права и обврски на економскиот оператор во текот на постапката за доделување договр за јавна набавка – 3 часа

- Права и обврски на економскиот оператор за време на рокот за поднесување понуди
- Права и обврски на економскиот оператор на јавното отворање и при евалуација на понудите
- Права и обврски на економскиот оператор по донесување на одлуката за избор или за поништување – правна заштита

Дел 4: Користење на Електронскиот систем за јавни набавки – 7 часа

- Регистрација на ЕСЈН и негово користење за добивање на потребните информации за објавените огласи
- Учество со електронски понуди
- Учество на е-аукции

Прилог 2

# ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ОБУКА ЗА ОБУЧУВАЧИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

**Глава I: Управно право – 4 часа**
Дел 1: Организација на органите на управата во Република Македонија
Дел 2: Првостепена управна постапка
Дел 3: Второстепена жалбена постапка
Дел 4: Управен спор

**Глава II: Облигационо право – 3 часа**
Дел 1: Настанување на обврските
Дел 2: Форма на договорот
Дел 3: Двострани договори
Дел 4: Општи дејства на договорот

**Глава III: Вовед во јавните набавки – основни принципи, правна и институционална рамка – 7 часа**
Дел 1: Јавни набавки: Вовед, историски контекст
- Историски контекст и развој на јавните набавки
- Развој на правото на ЕУ за јавни набавки
- Меѓународни регулативи за јавни набавки (Светска банка, ЕБОР, СТО)
- Историски контекст на националните прописи за јавни набавки

Дел 2: Основни принципи на јавните набавки
- Транспарентност
- Еднаков третман и недискриминација
- Конкуренција меѓу економските оператори
- Рационално и ефикасно искористување на средствата

Дел 3: Правна рамка
- Правна рамка за јавни набавки на ЕУ
    - Договори за основање на ЕУ – релевантни одредби
    - Директиви на ЕУ за јавни набавки
    - Пресуди на Европскиот суд на правдата
- Правна рамка за јавни набавки во Република Македонија
- Закон за јавните набавки
- Подзаконски акти за јавни набавки
- Други релевантни закони.

Дел 4: Институционална рамка
- Биро за јавни набавки
- Државна комисија за жалби по јавни набавки
- Државен завод за ревизија
- Државна комисија за спречување на корупцијата
- Државна комисија за заштита на конкуренцијата
- Секретаријат за европски прашања

**Глава IV: Закон за јавните набавки – опфат на неговата примена – 7 часа**
Дел 1: Општ преглед на Законот за јавните набавки и подзаконските акти
Дел 2: Договорни органи – класичен јавен сектор:
- државни органи и органи на единиците на локалната самоуправа и на Градот Скопје
- Правни лица основани за специфична намена за задоволување на потребите од јавен интерес

Дел 3: Договорни органи во секторите водоснабдување, енергетика, транспорт, поштенски услуги и други опфатени дејности
Дел 4: Договори за јавни набавки и опфат на договорите
- Стоки
- Услуги
- Работи
- Комбинирани договори

Дел 5: Исклучоци од примена на Законот за јавните набавки
- Општи исклучоци од примена
- Посебни исклучоци од примена

Дел 6: Општи правила на постапката
- Проценување на вредноста на договорот за јавна набавка
- Одлука за јавна набавка
- Начини на комуникација
- Кодекс на однесување при спроведување на јавните набавки

**Глава V: Активности пред спроведување на постапката за доделување на договор за јавна набавка – 7 часа**
Дел 1: Постапки за доделување на договори за јавни набавки (основни карактеристики)
- Отворена постапка
- Ограничена постапка
- Постапка со преговарање со претходно објавување на оглас
- Постапка со преговарање без претходно објавување на оглас
- Конкурентен дијалог
- Постапки со барање за прибирање на понуди
- Конкурс за избор на идејно решение
- Конкурентен дијалог

Дел 2: Планирање на јавните набавки
- Главни актери во процесот на јавни набавки
- Претходни активности
- Дефинирање на потребите
- Зелена потрошувачка кај јавните набавки
- Истражување на пазарот
- Одредување на деливост или неделивост на договорот
- План за јавни набавки
- Претходно индикативно известување

Дел 3: Посебни начини за доделување на договорите за јавни набавки
- Рамковни спогодби
- Електронски аукции
- Квалификациски системи

**Глава VI: Спроведување на постапката за доделување на договор за јавна набавка – 14 часа**

Дел 1: Подготовка на тендерските документи
- Дефинирање и видови на технички спецификации
- Технички дијалог
- Користење на стандарди
- Формални и функционални карактеристики
- Спефикации на стоки
- Спецификации на услуги
- Опис на работи
- Доставување и појаснување на тендерските документи

Дел 2: Објавување на огласи и известувања
- Претходно индикативно известување
- Оглас за доделување на договор за јавна набавка
- Известување за склучен договор
- Користење на Општиот поимник за јавни набавки

Дел 3: Утврдување на способност на економските оператори
- Процесот на утврдување на способност
- Критериуми за утврдување на способност
- Потребни документи за утврдување на способноста

Дел 4: Утврдување на критериумот за доделување на договорот за јавна набавка
- Најниска цена
- Економски најповолна понуда

Дел 5: Јавно отворање и евалуација на понудите
- Јавно отворање
- Евалуација на понудите
- Негативни референци
- Доделување на договорот
- Период на мирување
- Невообичаено ниски цени
- Можности за преговори

Дел 6: Обврски за известување на учесниците во постапката

Дел 7: Учество на економските оператори во постапката
- Следење на објавените огласи за јавни набавки
- Подготовка на понудата и потребна документација
- Права на понудувачот при јавното отворање и евалуацијата на понудите

**Глава VII: Електронски јавни набавки и електронски аукции – 14 часа**

Дел 1: Електронски јавни набавки во Република Македонија
- Законски претпоставки
- Електронски систем за јавни набавки
- Спроведување на постапката по електронски пат
- Досегашни искуства

Дел 2: Електронски аукции
- Законски претпоставки и тек на постапката
- Досегашни искуства

**Глава VIII: Систем на правна заштита, водење на жалбената постапка и контрола – 7 часа**

Дел 1: Систем на правна заштита во јавните набавки во ЕУ
- Релевантни директиви за правна заштита
- Пресуди на Европскиот суд на правдата

Дел 2: Државна комисија за жалби по јавни набавки
- Состав и формирање
- Надлежности
- Начин на работење и одлучување

Дел 3: Жалбата како правен лек
- Право на жалба
- Начин на изјавување на жалбата
- Дејство на жалбата
- Трошоци на постапката

Дел 4: Улогата на Државниот завод за ревизија и внатрешните ревизори во контрола на законитоста на постапката

**Глава IX: Судир на интереси и корупција во јавните набавки – 4 часа**

**Дел 1: Корупција во јавните набавки**
- Поим
- Законско регулирање на борбата против корупцијата, со посебен осврт на кривичната одговорност
- Институционална рамка
- Корупција во јавните набавки
- Основните принципи на јавните набавки како инструменти за борба против корупцијата
- Главни ризици од корупција и судир на интереси во фазата на планирање и мерки за нивно спречување
- Главни ризици од корупција во текот на постапката за јавна набавка и мерки за нивно спречување
- Главни ризици од корупција во текот на реализација на договорот за јавна набавка и мерки за нивно спречување

**Дел 2: Спречување на судир на интереси**
- Поим на судир на интереси
- Законско регулирање на судирот на интереси и поврзаност на Законот за јавните набавки со правилата за спречување на судир на интереси
- Институционална рамка
- Постапување во случај на постоење на судир на интереси во јавните набавки

**Глава X: Презентерски вештини – 3 часа**

**Глава XI: Новини во правната рамка во РМ – 3 часа**
- Измени и дополнувања на Законот за јавните набавки и на други законски прописи кои имаат директно влијание врз јавните набавки
- Измени и дополнувања во подзаконските акти
- Новини во праксата и ставовите на надлежните органи

**Глава XII: Новини во Електронскиот систем за јавни набавки – 4 часа**
- Нови функционалности или измена на постојните функционалности на системот
- Планови за иден развој на системот

**Глава XIII: Новини во правната рамка во ЕУ – 3 часа**
- Нови прописи за јавни набавки на ЕУ и иницијативи
- Активности во однос на евроинтеграциите (активности според НПАА)

**Глава XIV: Заклучни дискусии и размена на искуства со обучувачите – 4 часа**

Прилог 3

Министерство за финансии

Биро за јавни набавки

Врз основа на член 14-а став (1) од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/07, 130/08, 97/10, 53/11 и 185/11), Бирото за јавни набавки издава

## П О Т В Р Д А
## за положен испит за лице за јавни набавки

Се потврдува дека ________________________________, роден/а на ____________ во ___________ успешно го положи испитот за лице за јавни набавки согласно со Програмата за едукација за јавни набавки – Модулот за обука на договорни органи на _________________ година.

Оваа потврда е со важност од три години.

Број ___________________ Директор,

Скопје, _________________ _______________________

Прилог 4

Министерство за финансии

Биро за јавни набавки

Врз основа на член 14-а став (2) од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/07, 130/08, 97/10, 53/11 и 185/11), Бирото за јавни набавки издава

# П О Т В Р Д А
## за положен испит за обучувач за јавни набавки

Се потврдува дека ______________________________, роден/а на ___________ во ___________ успешно го положи испитот за обучувач за јавн набавки согласно со Програмата за спроведување обука за обучувачи – Модул за обука на обучувачи на _________________________ година.

Оваа потврда е со важност од две години.

Број __________________
Скопје, ________________

Директор,
______________________